До
Институт на сметководители и овластени сметководители
на Република Северна Македонија
Ул. Кеј 13ти Ноември кула 2/8
Скопје (зграда на главна дирекција на ГТЦ)

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА, ПЛАН ЗА АКТИВНОСТИ И ГЛАВНИ ЦЕЛИ

**Од Вучков Трајчо со Уверение за Овластен сметководител за аплицирање за член на Управен одбор.**

Бидејќи работата на членот на Управниот одбор е дефинирана во Член 20 во кој во став 1 е наведено:

**Член 20**

**(1) Со Институтот управува Управен одбор.**

Со оваа е дефинирано дека Управниот одбор има најшироки овластувања во поглед на управувањето со Институтот.

Меѓутоа, оваа управување на Управниот одбор и кои се неговите овластувања е дефинирано во Членот 20 став 3 кој гласи:

**Член 20**

**(3) Управниот одбор на Институтот:**
**1) ги подготвува и предлага годишната програма за работа и развој и годишниот финансиски план на Институтот;**
**2) ги подготвува годишната сметка и годишниот извештај за работењето на Институтот;**
**3) ја предлага висината на членарините;**
**4) ја предлага висината на надоместокот за издавање на лиценци за работа;**
**5) ја предлага висината на надоместокот за полагање на испит за здобивање статус на сметководител и овластен сметководител;**
**6) ја предлага висината на надоместокот за полагање испит за признавање на професионална квалификација стекната во странство согласно со овој закон;**
**7) одлучува за запишување и бришење на членовите во регистрите на Институтот;**
**8) ја усвојува годишната програма за континуирано професионално усовршување предложена од Комисијата за образование, обука и публикации;**
**9) ја предлага висината на надоместокот за континуирано професионално усовршување;**
**10) ја усвојува годишната програма за контрола на работењето на трговецот поединец -**

сметководител, трговецот поединец – овластен сметководител и друштвото за вршење на сметководствени работи;

11) ја предлага програмата за одобрување на квалификација за сметководител и овластен сметководител стекната во странство;

12) ги разгледува извештаите од извршената контрола на работењето на трговецот поединец –сметководител, трговецот поединец – овластен сметководител и друштвото за вршење на сметководствени работи и покренува прекршочна постапка согласно со членот 47 став (2) од овој закон;

13) издава и одзема лиценци за работа;

14) ги предлага членовите на комисиите;

15) го предлага актот за висината на платите за претседателот на Институтот, секретарот и за вработените во стручната служба на Институтот, како и сите надоместоци за членовите на Управниот одбор, Надзорниот одбор, комисиите и за Собранието на Институтот;

16) одлучува за прием на донации;

17) се грижи за наплата на членарините;

18) ги извршува одлуките на Собранието на Институтот;

19) го донесува етичкиот кодекс на Институтот;

20) ги доставува ажурираните податоци од Регистарот на сметководители и овластени сметководители и субјектите што вршат сметководствени работи до Централниот регистар најдоцна до 15 јануари во тековната година за претходната година;

21) ги доставува ажурираните податоци од Регистарот на сметководители и овластени сметководители до Управата за јавни приходи најмалку еднаш месечно;

22) врши контрола и ажурирање на податоците во Регистарот на сметководители и овластени сметковоидители, кои ги доставува до Централниот регистар и до Управата за јавни приходи и соработува со нив за успешно спроведување на прописите на сметководството и на овој закон;

23) донесува интерен акт за начинот за чување на личните податоци и информации и

24) врши други работи согласно со овој закон.

Покрај овие обврски Управниот одбор има и обврска дефинирана во Член 20 став 8 кој гласи:

**Член 20**

(8) Управниот одбор заради информирање на квартално ниво до Надзорниот одбор поднесува извештај за своето работење во рок од 30 дена од истекот на кварталот.

Затоа како член на Управниот одбор активно ќе учествувам во подготовката на сите акти кои треба да се изготвуваат од негова страна.

Како проблем во досегашното работење на Институтот го сметам несоодветното активирање на членството во донесувањето на одлуки од страна на членството. Иако постоеа некои обиди да се донесе поширок консензус во работењето на Институтот не се успеа во овие напори. За соодветно работење на Институтот е потребно да се слушне мислењето на членството и затоа ќе настојувам пред да се донесуваат одлуки на Собранието на Институтот истите да бидат потврдени од членовите на подружниците преку тоа што записниците од состаноците на подружниците ќе бидат задолжително постирани на WEB страната на Институтот и со тоа ќе може да со контролира на кој начин гласал претставникот на подружницата и дали ги слуша препораките на членството на соодветната подружница.

Доколку некој член на Собранието на Институтот настапува спротивно од насоките што му се дадени од членовите на соодветната подружница, ќе настојувам тој јавно да биде ставен на одговорност со повик на членовите на подружницата да побараат самиот да си поднесе оставка.

Исто така ќе барам да согласно записникот од соодветната подружница се поведе дисциплинска постапка против членот на собранието согласно Член 38 став 1 точките 5 и 6 кој гласат:

**Член 38**

**Дисциплинската мерка - јавна опомена се изрекува на физичко лице, вршител на сметководствени работи ако:**

**5) со своето однесување го нарушува угледот на сметководствената професија и**
**6) одбива или несовесно ги исполнува обврските определени со Статутот и актите на Институтот.**

За да се објаснат на членството точките на дневниот ред ќе настојувам да на секоја седница на подружниците задолжително биде присутен член на Управниот одбор кој ќе го верифицира Записникот кој произлегол од оваа седница.

На овој начин сите одлуки кои се носат на Собранието на Институтот ќе произлегуваат од самите членови.

Потоа дел од вака подготвените одлуки кои согласно законот треба да бидат усвоени од страна на Советот на Институтот ќе бидат предадени на нивно усвојување.

Доколку Советот на Институтот одбие некоја одлука ќе се состави нова и пак истата ќе биде вратена на усвојување на претходно опишаната постапка преку повторно усвојување од страна на членовите на подружниците со организирање на нови седници на подружниците.

Во однос на задолжувањето на членовите на Институтот со членарини и на кој начин е тоа направено ќе настојувам да истата биде повторно разгледана.

Доколку се утврди дека од колегите сметководители се бара да платат членарини за кои не се обврзани ќе барам да истите бидат отпишани и на тој начин конечно да се дојде до реална слика на состојбата со побарувањата и приходите на Институтот.

Во однос на финансиското работење на Институтот ќе настојувам да се изврши ревизија на целокупното работење, а со посебно нагласување на законитоста во однос на одредени договори кои Институтот ги има потпишано и наоѓање на правна рамка да истите се прогласат за ништовни или неважечки и да се побара одговорност од лицата кои ги потпишале овие договори, а исто така да се испита и законитоста на исплатите кои се вршени по овие договори.

Бидејќи законот дава можност и Институтот да организира Континуирано професионално усовршување ќе барам истото да се овозможи. Тоа ќе биде направено на начин што Институтот ќе распише Јавен оглас на кој ќе може да се јават сите заинтересирани лица. Темите кои ќе се обработуваат ќе бидат во рамките на Годишниот план и програма која е одобрена од Институтот.

За детектирање на проблемите во врска со функционирањето на Законот за вршење на сметководствени работи ќе настојувам да биде формирана посебна работна група која ќе работи на изнаоѓање решенија за надминување на овие проблеми кои потоа ќе бидат проследени до соодветните институции.

Со сите претходно опишани дејства сметам дека работењето на Институтот конечно ќе се стави во рамките на законско работење. Тоа е и еден од условите за да се покрене постапка за членство на Институтот во Меѓународните сметководствени организации.

Доколку немаме функционален Институт немаме никакви услови сметководствената професија во државата конечно да ја воведеме во теквите на движење на сметководствената професија во светски рамки.

И секако за четири години го гледам Институтот на сметководители и овластени сметководители како алка која ќе го заземе своето право место во општеството. Притоа вака конципиран Институт на здрави основи може да учествува во креирањето на закони кои се важни како за општеството исто така и за сметководителите. Овде секако мислам покрај на Законот за вршење на сметководствени работи исто така и на даночните закони.

Поврзувањето со другите институци, особено со Управата за јавни приходи, треба да бидат на многу различно ниво од сегашното. Сите законски измени, особено од областа на даноците, прво би требало да бидат разработени со Институтот за да нема неусогласување во однос на нивното различно толкување.

Соработката со сродни организации од други земји особено би се интензивирала преку организирање на меѓународни конференции и организирање на практично знаење на сметководителите.

Понатаму би се интензивирала соработката со средните училишта и факултети со департмани сметководство за признавање на нивните наставни програми во процесот на имплементација на барањето за полагање на испитите на идните колеги.

Со еден збор треба да создадеме Институт на кој сите ќе бидеме горди и со кој идните млади колеги сметководители би се гордееле да ја одберат сметководствената професија како своја животна определба, а не постојано да следиме како сметководство полека ни изумира.

Берово, 23.03.2023 година

ПОДНОСИТЕЛ:

Трајчо Вучков